ZAJEDNICA MAKEDONACA U REPUBLICI HRVATSKOJ
ЗАЕДНИЦА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА ХРВАТСКА
MACEDONIAN COMMUNITY IN REPUBLIC OF CROATIA

CROATIA, ZAGREB, MASARYKOVA 16/1, ☎ +385 1 43 32 43, ☎/FAX +385 1 42 75 66
Žiro račun 30102 - 678 - 82341

Наш број: 59/2000

Загреб, 28.04.2000. годинe

УПРАВЕН ОДБОР
ПРВА СЕДНИЦА
27.04.2000.г.

Присатни: Илија Христодулов,Благоја Јовановски, Иван качуров, Славица Сагадин .

Гости: Никола Илиевски-секретар, Марјан Гиговски-член на Надзорниот одбор, Златко Поповски- администратор, Драган Китановски, Вукашин Јовески и Горан Стојковски.

Одсатни: представниците од Сплит иЗадар.

## ДНЕВЕН РЕД

1. Читање на записникот од годишното Собрание на Заедницата,
2. Одлука за избор на секретар на Управниот одбор,
3, Одредување на првенствени задачи за остварување на планот и програмот во 2000-тата година,
4. Одлука за ангажирање на административно лице,
5. Разно.

## Р А Б О Т А

Ад.1 Прочитан е записникот од годишното Собрание на Заедницата и едногласно е прифатен.

Ад.2 Прифатена е одлуката на Собранието на Заедницата и потврден е изборот на Никола Илиевски за секретар на Управниот одбор и Заедницата.

Да се прати информација за настанатите промени во раководните тела на Заедницата до:

Амбасадата на Р.Македонија во Р.Хрватска.

Заводот за платни провет,

Уредот за малцинства во Владата на Р. Хрватска,

Градското и жупаниското поглаварство - Загреб,
Министерството за иселеништво во Р.Македонија,
Министерствата за култура на Р.Македонија и Р. Хрватска,
Сите Заедници на малцинствата во Р. Хрватска,

Констатирани се долговите на Заедницата према печатницата А.Г.Матош од Самобор кои што изнесуваат 35.580.00 и 10.000,00 куни за режиски трошоци.

Управниот одбор едногласно донесе одлука дека други долгови на Заедницата нема да се признаваат доколку се појават покасно.

На жиро сметката на Заедницата се наоѓаат 15.000,00 куни наменети за печатење на *Македонски Глас* и истите не смеат да се трошат во други цели.

За располагање со овие средства се задолжува Благоја Јовановски, уредник, на кому ќе му се даде полномошно.

Да му се исплатат дневните и патните трошкови на Благоја Јовановски за доаѓањето и работата во комисијата за ревизија на финансиското работењето на Заедницата во предходниот период.

Да се осигураат, варосаат и очистат сите простории на Заедницата за да може друштвото и Заедницата нормално да функционираат. По уредувањето на просториите сектретарот на Заеднцата ќе се задолжи со еден комплет клучеви од просториите на Заедницата.

Да се исплатат преку благајна 320,00 куни на *Фото Божа* за фотографии и 70,00 куни за букет.

Управниот одбор донесе одлука патните и дневните трошоци од 01.05.2000. г. да се исплатуваат на терет на Заедницата.

Ад.3 Според планот и активности за 2000.година Управниот одбор се согласи со програмските активности на друштвата од Осијек, Ријека и Пула врзани за деновите на македонската култура во Р.Хрватска. Да се побара хитна дознака на средства од Владиниот уред за малцинства.

Ад.4 Управниот одбор едногласно именува комисија за избор на администратор за вршењена административно-технички работи во Заедницата. Комисијата е во состав: Иван Качуров, Марјан Гиговски и Горан Стојковски.

Иван Качуров се задолжува од страна на Управниот одбор да изработи попис на задачите на работното место администратор на Заедницата.

Лицето што ќе конкурира треба да ги исполнува следните услови:

1. да има хрватско државјанство,
2. да не е осудуван и кривично прогонет,
3. да не е под истрага,
4. познавање на македонскиот и хрватскиот јазик и писмо,
5. познавање на основите на кореспонденција,
6. познавање на благајнички работи,
7. познавање на основни работи од сметководство,
8. познавање и активна самостална работа на компјутер во Ворд.,
9. да има најмалку ссс,

Заинтересираните своите молби и прилозите да ги достават до Заедницата најкасно до 08.05.2000.година.

Се потврдуваат претставниците на Заедницата во Советот на малцинствата при владиниот Уред за малцинства (Никола Илиевски) и во советот на редакцијата на ХТВ што ја третира малцинската проблематика (Стојан Трајков).

На седниците на Управниот одбор да се повикуваат претставници од МПЦО, Надзорниот одбор.

Секретарот да направи попис на имовината на Заедницата и да се устрои соодветна документација.

Ад.5 Да се одредат членови во комисијата за доработка на Статутот на Заедницата.

Управниот одбор едногласно донесе одлука Заедницата да не навлегува во решавањето на внатрешните проблеми во друштвата веќе тие да се решаваат таму каде што настануваат ( во друштвата). Заедницата ќе делува советодавно само во случај на блокада на работата на друштвата.

Да се уплатат 400,00 куни на клубот на католичка младина *МИ* во Месничка 2 на име користење на просторијата и бифето за време на одржувањето на годишното Собрание на Заедницата.

Да се плати преку благајна заостанатата сметка од околу 200,00 куни во продавницата на *Конзум* во приземјето.

Записникот го изработи

Иван Качуров с.р.